Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-368/10

11-08-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-368/1 од 26.05.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на директорот на Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "IIIта Македонска бригада", број 67 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 11.08.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на директорот на Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 26.05.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08-368/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, а против директорот на Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Во претставката за заштита од дискриминација се наведува дека во последните четири години подносителот се соочува со продолжена и повеќекратна дискриминација врз основа на политичко уверување од страна на директорот на Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија, кој со повеќе дејствија директно или со инструкција за дискриминација го ставил во нееднаква положба со останатите вработени во Агенцијата со што во повеќе наврати му ги повредил правата од работен однос. Според подносителот, клучни повреди и нееднаков третман се направени преку: незаконско распоредување и деградирање; отворање на внатрешни истраги и дисциплински постапки; неиздавање на безбедносен сертификат; несоодветно оценување на работата; ограничување на можноста за извршување на работни задачи и суспензија и отказ од работа. Како прилог кон поднесената претставка подносителот достави докази кои се класифицирани со степен на класифицираност "доверливо".



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати до Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија со Барање за произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-368/3 од 01.06.2023 година, по што од страна на Агенцијата доставен е Одговор во кој се наведува дека поднесената претставка е нејасна, неуредна, ненавремена и неоснована во целост, се однесува на наводи за кои Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е надлежна, поради што се предлага истата да се отфрли, а доколку се одлучи да се постапува по истата, да се донесе мислење дека врз основа на истакнатите наводи не може да се утврди дискриминација.

Имено, со Закон за Агенцијата за разузнавање ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 21/21), како специјален закон, *се уредува целта, надлежноста и раководењето на Агенцијата, внатрешната организација, начелата на работа, начинот на работа, евиденција на податоци и информации и нивно користење, внатрешна контрола и надзор над работата на Агенцијата, финансирање, меѓународна соработка, транспарентност на работењето како и права и обврски на вработените*. Во член 25 од законот е уреден статусот на лицата вработени во Агенцијата, па согласно истиот *работните места во Агенцијата се определени како работни места со посебни должности и овластувања. Вработените имаат статус на: 1) лица за оперативни и разузнавачки работи <u>со посебни должности и овластувања</u>; 2) стручни лица <u>со посебни должности и овластувања</u> и 3) лица за помошно-технички работи <u>со посебни должности и овластувања</u>.* Со член 45 став (1) од овој закон се уредува дека *со решение на директорот, вработен во Агенцијата може да биде распореден во секоја организациска единица на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка*, а ставот (2) утврдува дека *во решението се образложуваат и причините поради кои се врши распоредувањето*. Во член 46 став (1) алинеја 1 се утврдува дека *вработениот може во текот на работниот однос да биде распореден на друго работно место различно од она на кое претходно работел <u>по потреба на Агенцијата</u>*. Во член 74 од овој закон категорично е уредено дека *вработените во Агенцијата поседуваат национален безбедносен сертификат со степен на класификација "државна тајна". <u>Непоседување на национален безбедносен сертификат "државна тајна" или одземање на веќе постојниот сертификат претставува услов за престанок на работен однос</u>.*

Врз основа на наводите во претставката, одговорот на истата, како и приложените докази се утврди дека подносителот на претставката најнапред бил суспендиран од работа во Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија на 08.06.2022 година, поради одземен безбедносен сертификат со Решение на Дирекција за безбедност на класифицирани информации, против кое е изјавена жалба по која е донесено Решение на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со кое е потврдено првостепеното побивано Решение на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. По донесувањето на ова решение и неговата правосилност, на именуваниот му престанал

работниот однос во Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија на 31.12.2022 година.

Во контекст на наведеното, Комисијата нема законска надлежност и капацитет да врши проценка дали некое лице претставува безбедносен ризик за државата поради што не е во можност да утврди дали Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации објективно и непристрасно се произнела негативно по барањето на лицето [redacted] за продолжување на безбедносниот сертификат.

Во врска со останатите наводи во претставката, истите се однесуваат на дејствија кои се преземени по истекот на 6 (шест) месеци, односно 1 (една) година од денот на дознавањето за нивно сторување, односно преземање, а истото претставува истек на апсолутен и релативен рок на застареност за постапување согласно член 24 став (5) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Поврзано со укажувањата за повреди на правата од работен однос, Комисијата упатува на можноста од нивна правна заштита во соодветна постапка пред надлежен суд.

Врз основа на изнесеното, бидејќи Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не можеше да утврди компаратор, односно споредбена ситуација каде што лице кое го изгубил сертификатот за „државна тајна" продолжил да работи во Агенцијата за разузнавање, а во врска со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација согласно кој *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други,* се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

*Известител:* **Лимко Бејзароски – Член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Скопје,
11.08.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисија
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]

- Агенција за разузнавање на Република Сверна Македонија седиште на ул. "IIIта Македонска бригада", бр. 67, Скопје
- Архива на КСЗД